**ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА**
**ПОЕДНОСТАВЕНА ОТВОРЕНА ПОСТАПКА**

/преку ЕСЈН – со е-аукција/

**ЗА НАБАВКА НА АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ СО LOG МЕНАЏМЕНТ**

Скопје, Декември 2020 година

Врз основа на член 49 и 81 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19), подготвена е:

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

за Поедноставена отворена постапка за набавка на

**АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ СО LOG МЕНАЏМЕНТ**

Тендерската документација содржи:

1. Општи информации
2. Појаснување, изменување и дополнување на тендерската документација
3. Подготовка на понудата
4. Поднесување и отворање на понудите
5. Евалуација на понудите
6. Склучување на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба
7. Право на жалба и завршување на постапката за јавна набавка
8. Технички спецификации

Прилог 1 – Образец на понуда
Прилог 2 – Детален приказ на единечните цени по позиции и вкупната цена во Excel формат
Прилог 3 – Изјава за сериозност на понудата
Прилог 4 – Изјава за докажување на способноста
Прилог 5 – Модел на договор за јавна набавка

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ДОГОВОРНИОТ ОРГАН И ПРЕДМЕТОТ НА НАБАВКА

### 1.1 Дефиниции

1.1.1 Одредени поими употребени во оваа тендерска документација го имаат следново значење:

„Договор за јавна набавка“ е договор склучен во писмена форма меѓу еден или повеќе економски оператори и договорниот орган чиј предмет е снабдување стоки и обезбедување услуги;
„Постапка за јавна набавка“ е постапка што ја спроведува договорниот орган, чија цел или дејство е купување или стекнување стоки и услуги;
„Економски оператор“ е секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки и услуги;
„Понудувач“ е економски оператор кој поднел понуда;
„Носител на набавката“ е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;
„Подизведувач“ е правно или физичко лице кое за понудувачот, со кој договорниот орган склучил договор за јавна набавка или рамковна спогодба, снабдува стоки, обезбедува услуги или изведува работи што се директно поврзани со извршувањето на договорот или рамковната спогодба;
„Тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација;
„Технички спецификации“ се:
- во случај на јавна набавка на стоки или услуги, спецификација со која се дефинираат карактеристиките на производот или услугата, како што се ниво на квалитет, влијание врз животната средина и климатски влијанија, опис на сите услови (вклучувајќи и пристапност за лица со хендикеп) и оценка на сообразноста, ниво на изведба, користење на производот, безбедност или димензии, вклучувајќи ги и релевантните барања за производот во однос на називот под кој се продава, терминологијата, симболите, тестирањата и методите за тестирање, пакувањето, означувањето и етикетирањето, како и инструкции за користење, производствени процеси и методи во секоја фаза од животниот век на стоките или услугите, како и постапки за оценување на сообразноста;
„Еквивалентно“ значи дека понудената стока или услуга има исти или подобри технички карактеристики од оние наведени во техничката спецификација на предметот на набавка;
„Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон;
„Несоодветна понуда“ е понуда која не одговара на потребите и барањата на договорниот орган утврдени во тендерската документација без значителни промени;
„Писмено“ или „во писмена форма“ е секој израз што се состои од зборови или бројки што можат да се прочитаат, умножат и дополнително да се соопштат, како и информации што се пренесуваат и чуваат со помош на електронски средства, под услов сигурноста на содржината да е обезбедена и потписот да може да се идентификува;
„Електронско средство“ е електронска опрема за обработка и чување податоци (вклучувајќи и дигитална компресија), кои се пренесуваат, испорачуваат и примаат преку кабелски, радио или оптички средства или преку други електромагнетни средства;
„Електронски систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН)“ е единствен информациски систем достапен на интернет, кој се користи со цел да се овозможи поголема ефикасност, транспарентност и економичност во областа на јавните набавки;
„Алтернативна понуда“ е понуда со која понудувачот нуди предмет на набавка кој ги задоволува минималните барања, односно стандарди што договорниот орган ги предвидел во тендерската документација, но на поинаков начин, со други технички карактеристики или методи, од оние кои биле утврдени со техничката спецификација.

**1.2 Договорен орган**
1.2.1 Договориот орган е Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија – Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сосптственост Скопје, со седиште на адреса: ул. Максим Горки бр. 4, 1000 Скопје, телефон ++ 389 (2) 3149 085, електронска адреса: pancem@mepso.com.mk, интернет адреса: www.mepso.com.mk.
1.2.2 Лице за контакт кај договорниот орган е:

- **за техничкиот дел**:
  Катерина Глигорова, тел ++ 389 (2) 3 149 822, e-mail **ketig@mepso.com.mk**
  Александар Николовски, тел ++ 389 (2) 3 149 853, e-mail **aleksandar.nikolovski@mepso.com.mk**
  Енис Дрндар, тел ++ 389 (2) 3 149 061, e-mail **enisd@mepso.com.mk**

- **за комерцијалниот дел**:
  Јовица Саздовски, тел ++ 389 (2) 3 149 695, e-mail **jovicas@mepso.com.mk**

**1.3 Предмет на постапката за јавна набавка**
1.3.1 Предмет на постапката за јавната набавка е набавка на стоки: **Анализа на податоци со log менаџмент.**
Детален опис на предметот на набавка е даден во техничките спецификации.
1.3.2 Предметот на набавка е неделив.

**1.4 Применливи прописи**
1.4.1 Оваа постапка се спроведува согласно со Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/2019) и важечките подзаконски акти.
1.4.2 При подготовка на својата понуда, економскиот оператор треба да ги има предвид важечките прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, работните односи, работните услови, заштитата при работа, заштита на личните податоци, облигационите односи, заштитата на потрошувачите. Сите прописи може да се најдат во соодветните изданија на Службен весник на Република Северна Македонија. Дополнителни податоци во однос на важечките прописи од горенаведените области, понудувачот може да добие од Управата за јавни приходи, Царинската управа и Министерството за финансии (за даноците и другите јавни давачки), Министерството за труд и социјална политика (за работните односи, работните услови и заштитата при работа), Дирекцијата за заштита на личните податоци (за заштита на личните податоци), Министерството за правда (за облигационите односи) и Министерството за економија (за заштита на потрошувачите).

**1.5 Општи мерки за спречување на корупцијата**
1.5.1 Договорниот орган, во постапката за јавна набавка и при извршување на Договорот, ќе ги преземе сите потребни мерки со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од истата.

**1.6 Вид на постапка за јавна набавка**
1.6.1 Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на поедноставена отворена постапка.
1.6.2 Оваа постапка се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН), достапен на следнава интернет адреса https://www.e-nabavki.gov.mk и Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/2019).

**1.7 Посебни начини за доделување на договорот за јавна набавка**

**<u>1.7.1 Електронска аукција</u>**
1.7.1.1 Договорот за јавна набавка ќе се додели со користење електронска аукција со цел добивање нови цени коригирани надолу, односно нови вредности за одредени елементи од понудите.
1.7.1.2 За предметот на договорот ќе се спроведе електронска аукција преку електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk).
1.7.1.3 Предмет на електронска аукција ќе биде вкупната цена вклучувајќи ги сите трошоци и попусти и увозни царини, без ДДВ за предметот на Договорот за јавна набавка.
1.7.1.4 Сите понудувачи што поднеле прифатливи понуди, истовремено ќе се поканат да достават нови цени или нови вредности за делот на понудата кој е предмет на електронска аукција.
1.7.1.5 Сите понудувачи во секоја фаза од аукцијата ќе имаат пристап до информациите кои ќе им овозможат во секое време да го утврдат својот ранг.
1.7.1.6 Доколку во постапката за јавна набавка остане само една прифатлива понуда, електронска аукција нема да се спроведе.
1.7.1.7 По завршувањето на електронската аукција, доколку предметот на набавката или поединечниот дел се состои од повеќе ставки, цената на секоја од поединечните ставки ќе се

пресметува со соодветно намалување кое ќе биде еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда на избраниот најповолен понудувач (пред електронската аукција) и цената на последната понуда (по завршувањето на аукцијата).

## 2. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### 2.1 Достапност на тендерската документација

2.1.1 Тендерската документација е достапна на секој заинтересиран економски оператор преку ЕСЈН во формат кој економските оператори може директно да го користат.

### 2.2 Појаснување на тендерската документација

2.2.1 Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација преку модулот „Прашања и одговори“ на ЕСЈН, најмалку 6 (шест) дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.
2.2.2 Појаснувањето договорниот орган ќе го достави преку истиот модул, без да го открие идентитетот на економскиот оператор кој го поставил прашањето, за што економските оператори што презеле тендерска документација ќе добијат автоматско електронско известување дека е даден одговор на поставеното прашање.

### 2.3 Изменување и дополнување на тендерската документација

2.3.1 Договорниот орган може, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на економските оператори, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, при што во најкус можен рок, но не подоцна од 4 (четири) дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите ги прави достапни измените и дополнувањата на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, по што сите економски оператори што ја презеле ќе добијат автоматско електронско известување дека е објавена измена.
2.3.2 Во случај на измена на тендерската документација, договорниот орган крајниот рок за поднесување на понудите ќе го продолжи пропорционално на сложеноста на измената или дополната на тендерската документација во последните 6 (шест) дена пред истекот на рокот за поднесување понуди.

## 3. ПОДГОТОВКА НА ПОНУДАТА

### 3.1 Право на учество

3.1.1 Право да достави понуда има секое заинтересирано физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапката за јавна набавка го нудат предметот на набавка.
3.1.2 Составен дел од групната понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка. Овој договор потребно е да ги содржи следниве податоци:

- членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата,
- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише Договорот за јавна набавка,
- членот на групата кој ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата,
- краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на Договорот,
- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе ја издаде гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

3.1.3 Членовите на групата економски оператори одговараат неограничено и солидарно пред договорниот орган за обврските преземени со понудата.

*3.1.4 Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца нема право на учество во постапката согласно со член 101 став 7 од законот.*

3.1.5 Економскиот оператор во рамките на иста постапка за доделување на Договорот за јавна набавка може да учествува само во една понуда. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако економскиот оператор:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда.

3.1.6 Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една понуда.

3.1.7 Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за јавна набавка.
3.1.8 За да учествува во постапката, економскиот оператор треба да се регистрира во ЕСЈН и да поседува квалификуван сертификат за електронски потпис согласно прописите за електронски потпис. Економскиот оператор се регистрира во ЕСЈН со пополнување на регистрациска форма која е составен дел од ЕСЈН.

***Напомена:*** *Во моментот на поднесување на групна понуда сите членови на групата треба да бидат регистрирани на Електронскиот систем за јавни набавки.*

**3.2 Посета на локација**
3.2.1 Посета на локација не се предвидува.

**3.3 Трошоци за поднесување на понуда**
3.3.1 Економскиот оператор ги сноси сите трошоци поврзани со подготовката и со доставувањето на понудата, а договорниот орган не е одговорен за тие трошоци без оглед на водењето и на исходот од постапката за јавна набавка.

**3.4 Јазик на понудата**
3.4.1 Понудата, документите поврзани со понудата како и целата кореспонденција е на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, а во текот на евалуација на понудите, комисијата може да бара превод на македонски јазик.

**3.5 Алтернативна понуда**
3.5.1 Договорниот орган не дозволува поднесување алтернативни понуди.

**3.6 Цена на понудата**
3.6.1 Во цената на понудата треба да се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно, во денари или во евра.

**3.7 Корекција на цени**
3.7.1 При реализација на Договорот за јавна набавка не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на Договорот за јавна набавка.

**3.8 Рок, начин и место на испорака**
3.8.1 Носителот на набавката е должен стоката предмет на договорот да ја испорача, инсталира, конфигурира и системот да го пушти во употреба на начин и под услови како што е дефинирано во техничките спецификации.
3.8.2 Носителот на набавката е должен стоката предмет на договорот да ја испорача, инсталира, конфигурира и системот да го пушти во употреба во рок од максимум 6 (шест) месеци од денот на потпишување на договорот од двете договорни страни, со документ (испратница), на паритет ДДП (според ИНКОТЕРМС 2010) во Сектор за ИТ и ТК на ул. Максим Горки бр. 4 Скопје.
3.8.3. Договорниот орган, во присуство на овластено лице на Носителот на набавката, по целосното реализирање на предметот на договорот врши квантитативен и квалитативен прием. За извршениот прием се изготвува Записник за квантитативен и квалитативен прием, кој треба да биде потпишан од овластените лица на двете договорни страни.
3.8.4 Рокот, начинот и местото на испорака се задолжителни. Сите понуди кои предвидуваат поинаков рок, начин и место на испорака ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

**3.9 Начин и рок на плаќање**
3.9.1 Начинот на плаќање ќе биде вирмански или со дознака (важи за странски понудувач) по целосно реализирање на предметот на договорот (испорака, инсталиција, конфигурација и системот да го пушти во употреба) во рок 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган придружена со примерок од Испратницата и Записникот за квантитативен и квалитативен прием потпишан од овластените лица на двете договорни страни.
3.9.2 Начинот и рокот на плаќање се задолжителни. Сите понуди кои предвидуваат поинаков начин и рок на плаќање од предвидениот ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

**3.10 Период на важност на понудата**
3.10.1 Понудата треба да е со важност од 90 дена. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

3.10.2 Договорниот орган може, во исклучителни случаи кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на понудите.

**3.11 Средства за обезбедување**

**3.11.1 Гаранција на понудата**
3.11.1.1 Со понудата економскиот оператор доставува изјава за сериозност на понудата.
3.11.1.2 Со изјавата економскиот оператор изјавува дека:
- нема да ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- ќе ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- ќе го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда,
- ќе ја обезбеди гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

**3.11.2 Гаранција за квалитетно извршување на договорот**
3.11.2.1 Договорниот орган ќе бара од понудувачот чија понуда е избрана за најповолна да обезбеди гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во вид на банкарска гаранција во вредност од 5% од вредноста на договорот за јавна набавка.

## 4. ПОДНЕСУВАЊЕ И ОТВОРАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

**4.1 Поднесување на понудите**
4.1.1 Понудата се поднесува во согласност со тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог.
4.1.2 Понудата е обврзувачка за целиот период на важност што го утврдил договорниот орган.
4.1.3 Понудувачот ја доставува понудата со цена во која се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно, во денари или во евра.

*[доколку цената на понудата се искажува во евра курсната листа што ќе се користи за евалуације е онаа на Народната банка на Република Македонија, а курсот за размена е оној што важел 14 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите].*

4.1.4 Цената на понудата се изразува за вкупниот предмет на набавка.

*[доколку предметот на набавка е поделен во делови, цената на понудата се изразува посебно за оној дел за кој се поднесува понудата].*
4.1.5 Понудувачот може да ја измени, замени или да ја повлече својата понуда пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите.
4.1.6 Понудата се поднесува во електронска форма преку ЕСЈН и истата треба да биде електронски потпишана со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него. Сертификатот треба да биде со важност најмалку до моментот на јавното отворање односно крајниот рок за поднесување на понудите.
4.1.7 Доколку понудата ја потпишува лице овластено од одговорното лице, во прилог се доставува и овластување за потпишување на понудата потпишано од одговорното лице.

***Напомена****: Подетални информации за начинот на дигитално потпишување се содржани во прирачникот “Општи и технички препораки за користење на ЕСЈН за економски оператори и договорни органи“ објавен на почетната страна на ЕСЈН во делот "Документи".*

4.1.8 Економските оператори можат во хартиена форма да ја поднесат документација во нестандарден формат и големина пред крајниот рок за поднесување на понудите, доколку истите се преобемни за скенирање и прикачување на ЕСЈН. Оваа документација се доставува во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на економскиот оператор. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:
- е адресиран со точна адреса на договорниот орган;
- содржи информација за бројот на огласот за доделување на договор за јавна набавка и датумот на кој е објавен;
- во горниот лев агол стои предупредување „Не отворај“, за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.

4.1.9 Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во точка 3.10.1 од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

**4.2. Краен рок за поднесување на понудите**
4.2.1 Краен рок за доставување на понудите е **08.02.2021 година до 13.00 часот.**
4.2.2 Понудите се поднесуваат преку ЕСЈН на следнава веб адреса: https://e-nabavki.gov.mk.

4.2.3 По истекот на крајниот рок за поднесување на понудите истите нема да може да се поднесат преку ЕСЈН.

**4.3. Елементи на понудата**
4.3.1 Понудата треба да е составена од следниве елементи:
- Образец на понуда (Прилог 1),
- Детален приказ на единечните цени по позиции и вкупната цена во Excel формат (Прилог 2),
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 3),
- Изјава за докажување способност (Прилог 4) или документи за докажување на способност (Документи за докажување на способност од точка 5.2, Документи за докажување на способност од точка 5.3),
- Документи барани во **точката 5** од техничките спецификации од тендерската документација, кои треба да се достават заедно со понудата,
- Модел на договор за јавна набавка (Прилог 5).

***4.3.2 Понудата задолжително треба да биде комплетна и со сите елементи од точка 4.3.1.***

***4.3.2.1 Сите понуди кои не се комплетни и на кои им недостасуваат елементи / документи од точка 4.3.1, ќе бидат отфрлени како неприфатливи.***

**4.4 Подизведување**
4.4.1 Понудувачот може дел од договорот за јавна набавка да додели на подизведувач. Доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата:
- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;
- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи;
- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и
- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

**4.5 Отворање на понудите**
4.5.1 Отворањето на понудите е јавно, а ќе се изврши на ден **08.02.2021 година до 13.00 часот** во време определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите, на следнава локација: АД МЕПСО, ул. Максим Горки бр. 4, Скопје, III кат.
4.5.2 Понудувачот може да има свој овластен претставник на јавното отворање на понудите, при што овластениот преставник треба на комисијата да и предаде писмено овластување од понудувачот, доколку сака да даде забелешки на постапката на јавно отворање.
4.5.3 Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

## 5. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

**5.1 Утврдување способност**
5.1.1 Во постапката за јавна набавка ќе може да учествуваат економски оператори за кои, договорниот орган преку придружната документација утврдува:
- дека не постојат причини за исклучување од постапката,
- дека се исполнети условите за квалитативен избор, и тоа:

а) способност за вршење професионална дејност,
б) техничка и професионална способност.

5.1.2 Економскиот оператор во прилог на понудата доставува изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност.
5.1.3 Доколку економскиот оператор во прилог на понудата доставува изјава за докажување на способноста, истата треба да биде изработена на образецот даден во Прилог 4 од тендерската документација и да биде електронски потпишана со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него.
5.1.4 Пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен да ги достави документите за утврдување способност, доколку не ги доставил со понудата.
5.1.5 Договорниот орган ги прифаќа документите за утврдување на способност од точка 5.1.4 на овој член кои се издадени и по крајниот рок за поднесување на понудите.
5.1.6 Придружната документација се поднесува во скенирана електронска форма.

**5.2 Причини за исклучување од постапката**

5.2.1 Договорниот орган ќе го исклучи од постапката за јавна набавка економскиот оператор:

1) доколку утврди дека на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од кривичните дела учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, утврдени во Кривичниот законик.

2) кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;

3) кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;

4) на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;

5) на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

6) на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или

7) кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

5.2.2 Договорниот орган го исклучува економскиот оператор од постапката за јавна набавка доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени негативни референци.

5.2.3 Договорниот орган ќе го исклучи економскиот оператор од постапката за јавна набавка во случаите доколку:

а) економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или претходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со договорниот орган, што резултирало со еднострано раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на договорниот орган;

б) економскиот оператор незаконски влијае врз одлуката на договорниот орган или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

5.2.4 За докажување дека не постојат услови за исклучување од постапката, економскиот оператор ги доставува следниве документи:

- изјава на економскиот оператор дека во последните 5 години на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години не му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од кривичните дела учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, утврдени во Кривичниот законик;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност или единствен документ за докажување на способноста и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - привремена забрана за вршење одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста.

5.2.5 Изјавата од алинеја 1 од потточка 5.2.4 ја изготвува самиот економски оператор во електронска форма и ја потпишува со квалификуван сертификат за електронски потпис и истата не треба да биде заверена од надлежен орган.
5.2.6 Потврдите од потточка 5.2.4 ги издаваат надлежни органи во земјата каде е регистриран економскиот оператор. Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава овие документи или ако тие не ги опфаќаат сите горенаведени случаи, економскиот оператор може да достави изјава заверена кај надлежен орган.
5.2.7 Документите од потточка 5.2.4 не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за поднесување на понудите наназад.

**5.3 Услови за квалитативен избор**

**5.3.1 Способност за вршење на професионална дејност**

5.3.1.1 Право на учество во постапката има секој економски оператор кој е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

5.3.1.2 За да ја докаже способноста за вршење професионална дејност, економскиот оператор треба да достави:

– Потврда за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

**5.3.2 Економска и финансиска состојба – не се бара**

**5.3.3 Техничка и професионална способност**

5.3.3.1 Потребната техничка и професионалната способност за квалитетно извршување на договорот, договорниот орган ќе ја утврди преку следниве минимални услови:

- Да располага со стручни лица најмалку двајца вработени или ангажирани кај понудувачот, поткрепени со сертификати за стручност за понудениот производ кои ќе работат на реализација на предметот на набавката.

5.3.3.2 Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималните услови од потточка 5.3.3.1 со доставување на:

- Опис на техничкиот персонал и техничките органи кои ќе учествува во извршувањето на јавната набавка, без оглед на тоа дали се вработени во економскиот оператор или не, со прилог Листа на номинираните стручни лица и нивниот ангажман, нивните Сертификати (на номинираните лица) и нивни лично потпишани изјави дака ќе му се стават на располагање на економскиот оператор и ќе учествуваат во реализацијата на предметот на набавката, согласно декларираниот ангажман.

5.3.3.3 Доказите од точка 5.3.3.2, за потточка 5.3.3.1 освен Сертификатите ги изготвува и електронски ги потпишува самиот економски оператор и тие не мора да бидат заверени од надлежен орган

***5.3.4 Користење способност од други субјекти***
*5.3.4.1 Во постапката за јавна набавка, економскиот оператор може заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на техничката или професионалната способност да ја користи способноста на други субјекти.*
*5.3.4.2 Економскиот оператор може во постапката за јавна набавка да ја користи способноста на друг субјект за докажување на исполнетоста на условите за квалитативен избор во врска со образовните и стручните квалификации или релевантно стручно искуство само доколку другиот субјект ќе ги изведува работите или ќе ги обесбедува услугите за кои се бара таквата способност.*
*5.3.4.3 Ако економскиот оператор користи способност на друг субјект, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси.*
*5.3.4.4 Со цел договорниот орган да може да провери дали субјектот чија способност ја користи економскиот оператор ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и дали постојат причини за негово исклучување, економскиот оператор треба да ја достави документацијата наведена во точките 5.2.4, 5.3.1.2 и 5.3.3.2 од оваа тендерска документација.*

*5.3.4.5 Ако во постапката учествува групата економски оператори, истата може да ја користи способноста на членовите во групата или на други субјекти на начин утврден во точката 5.3.4.3 од оваа потточка.*

**5.4 Стандарди за системи за квалитет – не се бара**

**5.5 Стандарди за управување со животната средина – не се бара**

5.6 **Критериум за избор на најповолна понуда**
5.6.1. Договорниот орган како критериум за избор на најповолна понуда ќе ја користи економски најповолната понуда врз основа на: **цената**.

**5.7 Евалуацијата на понудите**
5.7.1. Кај поедноставената отворена постапка, комисијата, најпрво ја проверува комплетноста и валидноста на способноста за вршење на професионална дејност на понудувачот. Истовремено, согласно со член 101 став 13 од законот, на ЕСЈН ја проверува листата на издадени негативни референци.
5.7.2. При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација, внимавајќи со бараното појаснување или дополнување да не создава предност во корист на одреден економски оператор.
5.7.3 Бараното објаснување понудувачот го доставува преку ЕСЈН во рок кој го определила комисијата.
5.7.4. Комисијата не смее да бара, ниту да дозволува никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки.
5.7.5. Комисијата во примерен рок може да побара од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик.
5.7.6 Договорниот орган ќе побара од економскиот оператор, во рок не пократок од 5 (пет) дена, да ја објасни цената или трошокот наведен во понудата, доколку смета дека понудата содржи невообичаено ниска цена во однос на стоките што се предмет на набавка или доколку постои сомнеж дека договорот ќе биде извршен.
5.7.7 Договорниот орган, ќе побара објаснување на цената доколку вредноста на понудата е за повеќе од 50% пониска од просечната цена на прифатливите понуди и е за повеќе од 20% пониска од следната рангирана понуда, во случај да има добиено најмалку три прифатливи понуди.
5.7.8 Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно со критериумите наведени во тендерската документација.
5.7.9 По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда.

**5.8 Заштита на податоци**
5.8.1. Договорниот орган нема да открива информации доставени од страна на економскиот оператор кои се означени како деловна тајна или утврдени како класифицирана информација.
5.8.2 Економскиот оператор може, врз основа на закон, друг пропис или општ правен акт да означи одредени податоци за деловна тајна или за класифицирани, вклучувајќи ги техничките или трговските тајни содржани во понудата или пријавата за учество, под услов да го наведе правниот основ врз основа на кој истите се означени за тајни или за класифицирани.
5.8.3 Економскиот оператор не смее да ги означи за деловна тајна или за класифицирана информација: цената на понудата, трошоците на животниот век, спецификациите на понудените стоки, услуги или работи, количините, податоците во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, јавните исправи, извадоците од јавни регистри и другите податоци кои согласно со посебните прописи мора јавно да се објавуваат или не смее да се означат како деловни тајни или како класифицирани информации.

**5.9 Исправка на аритметички грешки**
5.9.1 Доколку комисијата утврди дека постојат аритметички грешки исправка се врши на следниот начин:

1) кадешто има неусогласености на износот изразен во зборови и броеви, преовладува износот изразен во зборови, освен ако износот е поврзан со аритметичка грешка;
2) доколку има неусогласености помеѓу единичната цена и вкупната цена, а вкупната цена е резултат на множење на единичната цена и количината, во тој случај преовладува единичната цена, а вкупната цена ќе се коригира, освен ако не постои очигледно поместување на

децималната запирка во единичната цена, при што во таков случај важи наведената вкупна цена, а единичната цена ќе се коригира;

3) доколку има грешка во вкупниот износ што соодветствува на додавањето или одземањето на меѓувредностите, преовладува меѓувредноста, а вкупниот износ ќе се коригира и
4) во случај на несовпаѓање помеѓу цената внесена на Електронскиот систем за јавни набавки и цената внесена во образецот на понудата, за валидна се смета цената внесена во образецот на понуда и ќе се измени цената внесена во Електронскиот систем за јавни набавки.

**5.10 Поништување на постапката**

5.10. 1. Договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка, за што носи одлука за поништување на постапката ако:

- бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за јавна набавка согласно со овој закон,
- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на рамковната спогодба за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци,
- добие инструкции од Бирото да ја поништи постапката во управна контрола или поради технички проблем на ЕСЈН кој не може да се надмине на поинаков начин, или
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган.

5.10.2. Договорниот орган ги известува сите учесници во постапката за јавна набавка преку ЕСЈН, најдоцна во рок од три дена од денот на поништувањето, во врска со престанокот на обврските на учесниците што произлегуваат од поднесувањето на понудите и за причините за поништување на постапката.

## 6. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

**6.1 Доделување на договорот за јавна набавка**

6.1.1 Договорниот орган ќе ја донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

6.1.2 Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор, но не подоцна од периодот на важност на понудата.

6.1.3 Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата на ЕСЈН.

6.1.4 Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.

**6.2 Известување за доделување на договорот за јавна набавка**

6.2.1 Договорниот орган ќе ги извести понудувачите за одлуките во врска со утврдената способност, извршениот избор на најповолна понуда, склучувањето на договорот или поништувањето на постапката за јавна набавка. Известувањето се доставува во рок од 3 (три) дена од денот на донесувањето на соодветната одлука.

6.2.2 Во прилог на известувањето ќе се достави и примерок од соодветната одлука, а истото ќе се испрати преку ЕСЈН.

6.2.3 По доставување на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување на постапката, а до истекот на рокот за вложување жалба, економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во целокупната документација од постапката, вклучувајќи ги доставените понуди или пријави за учество, освен оние документи што се означени како деловна тајна.

**6.3 Склучување на договорот**

6.3.1 Договорните страни го склучуваат договорот за јавна набавка во писмена форма во рамки на рокот на важност на најповолната понуда, но не подоцна од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор.

6.3.2 Договорот за јавна набавка се склучува согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата.

6.3.3 Договорниот орган ќе го достави договорот за јавна набавка до избраниот најповолен понудувач во 6 (шест) примероци на потпишување, откако истиот ќе го потпише овластеното лице на договорниот орган.
6.3.4 Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот за јавна набавка и да му го врати на договорниот орган во рок од 5 (пет) работни дена од денот на добивање.
6.3.5 Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот во рокот утврден во точка 6.3.4 од тендерската документација, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот и ќе објави негативна референца.

**6.4. Извршување на договорот**
6.4.1 Договорните страни го извршуваат договорот за јавна набавка согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.
6.4.2 Договорниот орган ќе врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка е во согласност со условите од договорот.
6.4.3 При извршувањето на договорот договорните страни покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно ќе ги применат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи.

**6.5 Измени на договорот за јавна набавка во текот на неговата важност**
6.5.1 Во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно со член 119 од Законот за јавните набавки.

## 7. ПРАВО НА ЖАЛБА И ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**7.1 Право на жалба**
7.1.1 Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за јавна набавка.
7.1.2 Жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.
7.1.3 Кај поедноставената отворена постапка, жалба се изјавува во рок од 5 (пет) дена, од денот на:

1. *објавување на огласот за јавна набавка, во однос на содржината на огласот или тендерската документација;*
2. *објавување на известувањето за измени и дополнителни информации, во однос на содржината на измените и дополнителните информации;*
3. *отворање на понудите, во однос на пропуштањето на договорниот орган соодветно да одговори на навремените прашања или барања за појаснување или измени на тендерската документација или*
4. *прием на одлуката за избор на најповолна понуда или за поништување, во однос на постапката на евалуација и избор на најповолна понуда, или за причините за поништување на постапката.*

7.1.4 Жалителот кој пропуштил да изјави жалба, нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

**7.2 Завршување на постапката за јавна набавка**
7.2.1 Постапката за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

Изработил: Јовица Саздовски ___________

Проверил: Панче Манојловски ____________

## 8. Технички спецификации

Предмет на набавка е "Систем за Анализа на податоци со log менаџмент", при што понудувачот треба да обезбеди комплетно решение кое вклучува хардвер, софтвер, лиценци за сите компоненти за кои е потребно лиценцирање и складови на податоци каде ќе се чуваат ревизорските траги, во натамошниот текст „логови".

Понудувачот треба да обезбеди инсталација, конфигурација и пуштање во употреба на интегриран систем за собирање, анализа, заштита и архивирање на логовите од целокупната информатичка инфраструктура.

### 1. ФУНКЦИОНАЛЕН ОПИС НА СИСТЕМОТ

#### A. Минимални функционални карактеристики на системот:

Во овој дел се опишани **минималните** функционални карактеристики на системот:

#### 1.1. Управување со системот и администрирање на корисници:

- Понуденото решение мора да обезбеди:
  - Централизирано управување и конфигурирање на сите негови компоненти (модули, агенти, сензори итн.);
  - Воспоставување на повеќе групи корисници со различни улоги, односно привилегии со кои се обезбедува раздвојување на надлежностите на различни корисници на системот (segregation of duties), како на пример: лица за сигурност на информациски системи, внатрешни и надворешни ревизори, администратори на бази на податоци, администратори на оперативни системи итн.

    За секоја улога да може да се дефинираат:

    i. до кои модули на системот членовите на таа улога може да пристапуваат (доколку системот е модуларен),

    ii. тип на пристап, на пример пристап за администрирање и конфигурирање на системот, пристап со можност само за читање и пребарување по собраните логови, пристап со можност за креирање на правила, извештаи итн.

    iii. до кои архиви со логови, членовите на таа улога пристапуваат, односно треба да има можност различни групи на корисници да читаат и пребаруваат логови од системите кои се во нивна надлежност, зависно од нивните одговорности, итн.
  - Автоматизиран процес за заштита (backup) и враќање (restore) на заштитените податоци на: конфигурациските информации и на архивите со логови;
- Понудувачот мора да обезбеди ажурирање на сите компоненти на Системот од производителот/производителите (нови верзии, надградби, закрпи итн.) за цело време на постоење на гаранцијата;
- Системот мора да спроведува интерни проверки за неговата состојба и исправност (health checks) и да испраќа нотификации (alerts) до предефинирана група на корисници;
- Системот треба да се конфигурира на начин што доколку од некој извор на логови (log source) не пристигнуваат логови, односно системот (агент, колектор и сл.) не ги собира во текот на претходно дефиниран временски период, да се испрати нотификација (alert) до предефинирана група на корисници;

- Системот треба да функционира без промени во конфигурацијата на изворите на логови, односно системите од кои собира логови;
- Системот треба да обезбеди три основни функционалности:
  - **Логирање** – собирање на сите логови и нивно зачувување (архивирање) на складовите на податоци во централен склад на логови;
  - **Автоматска анализа на активности** - корелација и откривање на сигурносни закани и инциденти;
  - **Мониторирање** – следење на сите активности и преземање на соодветни мерки согласно дефинирани правила на дејствување (политики);

## 1.2. Логирање/Log management и мониторирање

- Централизирано собирање на логови од хетерогена средина (односно мрежна опрема, веб сервери, оперативни системи, систем за електронска пошта, системи за управување со бази на податоци итн.);
- Сите собрани логови да се заштитуваат со висок степен на безбедност (шифрирање, англиски. "encryption"), да се оневозможи неовластено менување и/или бришење на архивите и да се обезбеди интегритетот на собраните логови;
- Чување и складирање на оригиналните записи од логовите (raw data);
- Нормализација на логовите која ќе обезбеди одговор најмалку на следните прашања: кога е направена активноста (When), каде е направена активноста (Where), кој ја направил активноста (Who), што е активноста (What), од каде е направена активноста (Where from) и како е направена активноста (How);
- Долготрајно чување и складирање на собраните логови во on-line архива, 400 календарски денови;
- Автоматско испраќање на нотификација кога е исполнет 85% од on-line просторот за складирање на логови;
- Системот треба да има можност за користење на екстерен простор за складирање како простор за запишување и складирање на логовите (off–line архива);
- Дефинирање на период на чување (retention), така што по истекот на 400 календарски денови, системот да обезбеди автоматско префрлање на складираните логови на дефинирана екстерна мрежна локација (off-line архива) при што на екстерната мрежна локација не треба да се прекриваат претходните off-line архиви. Капацитетот на екстерната мрежна локација за off-line архивата е веќе обезбеден од страна на МЕПСО АД и тој не е предмет на оваа набавка;
- Системот треба да има можност за приказ и пребарување во логовите од off–line архивата, на идентичен начин како и логовите во on-line архивата (односно да се достапни сите можности за прикажување, пребарување, креирање филтри, извештаи итн.);
- Прикажување на резултатите од пребарувањата како на агрегирано (high-level), така и на детално (поединечен запис) ниво;
- Печатење и пренос (експорт) на приказите на собраните логови и резултатите од пребарувањата на логовите најмалку во CSV формат;
- Дефинирање на прикази на собраните логови според потребите на корисникот ("custom") преку избор на колони во приказот, дефинирање на редослед на колони итн;
- Дефинирање на нови/дополнителни колони во рамки на нормализираниот лог согласно потребите на корисникот (“custom”), кои понатаму може да се користат при приказ на логовите, како и за пребарување и филтрирање;

- Логирањето и мониторирањето треба да се врши на сите активности на базите на податоци без разлика од каде се пристапува до системот за управување со бази на податоци (локално или преку мрежа), односно 100% видливост на сите активности (како на пример: SELECT, UPDATE, INSERT, DELETE настани, стартување/стопирање на базата на податоци, креирање на логини, групи/улоги, промена на привилегии, извршување и промени на складирани процедури, тригери, погледи и извршување на други системски наредби итн.), вклучително и активностите на привилегираните корисници (администратори на бази на податоци);
- Системот треба да обезбеди логирање и мониторирање на активностите во системите за управување со бази на податоци во реално време;
- Системот треба да има можност за блокирање на одредени активности врз основа на претходно дефинирани правила (политики);

### 1.3. Корелација на логови, откривање на сигурносни закани, дефинирање на инциденти и пребарување

- Системот треба да обезбеди анализа и приказ на настаните (events) во реално време, како и нивна корелација;
- Системот треба да обезбеди пребарување и филтрирање на собраните логови;
- Пребарувањето на настаните треба да се реализира преку вградени, предефинирани критериуми за пребарување и исто така преку комбинации на комплексни критериуми кои ќе ги дефинира корисникот (да има најмалку >, <, „се содржи во“, како и логички оператори AND и OR);
- Системот треба да обезбеди пребарување на настаните најмалку по следниве критериуми:
  - извор на логови,
  - датум и време кога е извршен настанот,
  - IP-адреса од каде е извршен настанот,,
  - име на работна станица/сервер од која е извршен настанот,
  - корисничко име преку кое е извршен настанот,
  - Group/Role name преку која е извршен настанот,
  - име на апликација/алатка со која е извршен настанот,
  - име на база/фолдер/датотека до која е пристапено,
  - име на објект/група на објекти од база до кој е пристапено;
- Drill down опции – системот треба да обезбеди на едноставен начин за сите настани прикажани во приказот, да се видат сите детали за секој од настаните;
- Системот треба да има можност за дефинирање на политики, правила и прагови кои би генерирале испраќање на нотификации (alerts) на предефинирана група корисници;
- Системот да има можност за откривање на denial of service напади преку собраните информации, и да обезбеди дефинирано правило (rule) преку кое ќе се открива нападот;
- Системот треба да има можност за откривање на мрежен сообраќај од потенцијално ризични апликации/протоколи, кои се претходно дефинирани (како на пример peer-to-peer и сл.), и треба да обезбеди дефинирано правило (rule) преку кое ќе се открива и алармира во случај на појава на овој тип на мрежен сообраќај;

- Во фазата на имплементација, во системот треба да се поставaт нотификации (alerts) при појава на следните настани:
    - denial of service напад;
    - мрежен сообраќај од потенцијално ризични апликации/протоколи;
    - промена на конфигурација на мрежен уред;
    - промена на членство на Active Directory група;
    - промена на лозинка на корисничка сметка во Active Directory;
    - отклучување/заклучување (lock/unlock) и блокирање/деблокирање (enable/disable) на корисничка сметка;
    - доделување и одземање на привилегии на датотека (англиски. "file") или друг ресурс;
    - додавање/менување/бришење на корисник во Active Directory,
    - пристап/промена на датотека на дефинирана локација од страна на членовите на "Domain Admins" групата;
    - повеќе неуспешни обиди за пристап до ресурс (на пример file, folder) во одреден период;
    - промени во сигурносните параметри на системот за електронска пошта (на пример: креирање и бришење на сандачиња и дистрибуциски групи, промена на членство во дистрибуциски групи, доделување на можност „Send on Behalf" и „Send As");
    - промени на сигурносните параметри на сандачиња за електронска пошта, употреба на туѓо сандаче за електронска пошта или испраќање на електронска порака во име на друг корисник;
    - активирање на можност за неовластен пристап (Backdoor: Active);
    - поврзување за неовластен пристап (Backdoor: Connect);
    - користење таен канал за неовластен пристап (Backdoor: Covert Channel);
    - неовластен пристап за шпионирање (Backdoor: Spyware);
    - обид за прекинување на мрежен сервис (DoS: Network – Attempt);
    - обид за прекинување на сервис на уред (DoS: Network Device – Attempt);
    - табелата за чување адреси е изменета (Misc. Attacks: ARP Poisoning);
    - лажно преставување (Misc. Attacks: Identity Spoofing);
    - невообичаена мрежна активност (Network Activity: Uncommon Traffic);
    - (New Malware Traffic Match);
    - обид за погодување на лозинка кај база на податоци (Password Attack: Database – Attempt);
    - обид за погодување на лозинка кај сервер за електронска пошта (Password Attack: Mail Server – Attempt);
    - најверојатно успешен обид за погодување на лозинка кај сервер за електронска пошта (Password Attack: Mail Server – Success Likely);
    - обид за погодување на лозинка на мрежно споделување (Password Attack: Network Share – Attempt);
    - обид за погодување на лозинка кај далечински пристап преку Интернет користејќи приватен канал (Password Attack: Remote VPN Access – Attempt);
    - најверојатно успешен обид за погодување на лозинка кај далечински пристап преку Интернет користејќи приватен канал (Password Attack: Remote VPN Access – Success Likely);
    - обид за погодување лозинка на едноставен протокол за управување со мрежа (Password Attack: SNMP – Attempt);

- најверојатно успешен обид за погодување лозинка на едноставен протокол за управување со мрежа (Password Attack: SNMP – Success Likely);
- обид за погодување лозинка на веб сервер (Password Attack: Web Server – Attempt);
- обид за погодување лозинка на блокирани сметки на различни сервери (Password Scan: Disabled Accounts: Distinct Hosts);
- обид за погодување лозинка на блокирани сметки на ист сервер (Password Scan: Disabled Accounts: Same Host);
- обид за погодување лозинка на различни сервери (Password Scan: Distinct Hosts);
- проблем со ресурси на сервер (Resource Issue: Host);
- проблем со ресурси на IOS IPS DTM (Resource Issue: IOS IPS DTM);
- невидливо скенирање (Scans: Stealth);
- обид за напад на сервер за база на податоци (Server Attack: Database – Attempt);
- најверојатно успешен обид за напад на сервер за база на податоци (Server Attack: Database – Success Likely);
- обид за напад на сервер за пренос на фајлови (Server Attack: FTP – Attempt);
- најверојатно успешен обид за напад на сервер за пренос на фајлови (Server Attack: FTP – Success Likely);
- најверојатно успешен обид за напад на сервер со најавување (Server Attack: Login – Success Likely );
- обид за напад на сервер за едноставен протокол за управување со мрежа (Server Attack: SNMP – Attempt);
- најверојатно успешен обид за напад на сервер за едноставен протокол за управување со мрежа (Server Attack: SNMP – Success Likely);
- обид за напад на веб сервер (Server Attack: Web – Attempt);
- најверојатно успешен обид за напад на веб сервер (Server Attack: Web – Success Likely);
- обид за ширење на црви (Worm Propagation – Attempt)
- најверојатно успешен обид за ширење на црви (Worm Propagation – Success Likely);
- искористување на клиентот – црв за масовно испраќање електронски пораки (Client Exploit - Mass Mailing Worm);
- искористување на клиентот – Сасер црв (Client Exploit - Sasser Worm);
- најверојатно успешен обид за прекинување на сервис на уред (DoS: Network Device - Success Likely);
- обид за локален напад (Local Attack – Attempt);
- најверојатно успешен обид за локален напад (Local Attack - Success Likely);
- добивање на администраторски привилегии на апликација (Misc. Attacks: Application Admin Escalation);
- мрежна активност: претерано користење IRC (Network Activity: Excessive IRC);
- мрежна активност: активно мрежно споделување меѓу колеги (Network Activity: P2P File Sharing – Active);
- оперативен проблем при работа на рутер или свич (Operational Issue: Router / Switch);
- оперативен проблем при работа на IDS (Operational Issue: IDS);

- оперативен проблем при работа на сервер (Operational Issue: Server);
- најверојатно успешен обид за погодување на лозинка кај база на податоци (Password Attack: Database - Success Likely);
- обид за погодување на лозинка кај сервер за пренос на податоци (Password Attack: FTP Server – Attempt);
- најверојатно успешен обид за погодување на лозинка кај сервер за пренос на податоци (Password Attack: FTP Server - Success Likely);
- (Security Posture: Audit Server Issue - Network wide);
- најверојатно успешен обид за напад на сервер (Server Attack: Misc. - Success Likely);
- најден е вирус – исчистен е (Virus Found – Cleaned);
- најден е вирус – не е исчистен (Virus Found - Not Cleaned);
- напад со повторно пуштање на снимени секвенци (Misc. Attacks: Replay);
- оперативен проблем при работа на уред за периметарска заштита на мрежата (Operational Issue: Firewall);
- промена на конфигурацијата на Cisco IOS (Configuration Change on IOS);
- промена на конфигурацијата на мрежа (Modify Network Config);
- промена на состојба на тунелски интерфејс – прекин (interface Tunnel changed state to down);
- промена на состојба на тунелски интерфејс – поврзан (interface Tunnel changed state to up);
- промена на статусот на SAN свич (SAN switch status change);
- грешка при енкрипција/компресија на SAN свич (SAN switch Encryption/Compression Block error);

- Перформанси:

  - Решението за наддавање мора да обезбеди управување со вкупен број од најмалку 1200 EPSs (Event per Second).
  - собирање, складирање и анализа на логови за најмалку 100 ИТК мрежни уреди
  - Напредни функции за следење за најмалку 50 серверски платформи

**1.4. Извештаи (reports) и упити (queries):**

- Системот треба да вклучува вградени извештаи усогласени со светски стандард за безбедност во ИТ инфраструктури (од фамилијата ISO27000);
- Системот треба да има можност за креирање на извештаи според различни критериуми дефиниран од страна на корисниците (на пример период кога се собрани активностите, период кога се случиле активностите, одредена база на податоци, одреден корисник итн.);
- Системот треба да има можност за генерирање и дистрибуција на извештаи по однапред дефиниран временски распоред (schedule) преку електронска пошта;
- Можност за печатење и пренос (експорт) на извештаите најмалку во CSV формат;
- Во фазата на имплементација потребно е да се дефинираат најмалку следните извештаи:
  - Сите извештаи усогласени со понудениот стандард за безбедност во ИТ инфраструктури (од фамилијата ISO27000);
  - Извештај/query кој ги прикажува сите промени на конфигурација на мрежен уред во одреден период;
  - Извештај/query кој ги прикажува сите пристапи до мрежата на НБРМ од надворешна локација на вработените во одреден период;

- Извештај/query кој ги прикажува сите кориснички сметки чија лозинка е ресетирана во одреден период;
- Извештај/query кој прикажува број на собрани логови по извор на логови во одреден период;
- Извештај/query за сите пристапи на одредено корисничко име во одреден период;
- Синтетички извештај за месечна и годишна количина на download и upload од Интернет за дадена приватна IP адреса;
- Аналитички извештај за дадена јавна IP адреса од каде и колку направила download и upload од серверите во текот на денот;

Секој од дефинираните извештаи треба да содржи колони кои ќе дадат одговор најмалку на следните прашања: кога е направена активноста (When), каде е направена активноста (Where), од каде е направена активноста (from Where), кој ја направил активноста (Who), што е активноста (What) и како е направена активноста (How);

### B. Минимални хардверски карактеристики на системот:

Понудувачот треба да обезбеди комплетно решение кое вклучува хардвер, софтвер, лиценци за сите компоненти за кои е потребно лиценцирање и складови на податоци каде ќе се чуваат логовите, при што ќе се смета за прифатлив секој хардвер, софтвер, лиценци и складови на податоци со кои се обезбедува исполнување на бараните функционалности за дефинираните количини на настани („логови“), брзини на работа, големини на бази на настани, како и време на чување на складираните настани во т.н. On-line архива итн.

Понудувачот треба да предвиди, дефинира и понуди хардвер со соодветни карактеристики кој ќе може да ги задоволи опишаните функционални барања. При тоа прифатливо е хардверот да е во вид на appliance (уред) или пак да е хардвер од било кој производител кој ги задоволува потребите. Понудувачот треба да предвиди број на appliance-и, и/или сервери, како и големина на просторот/рите за складирање на податоци.

Понудениот хардвер треба да овозможи комплетна функционалност на системот, односно да се задоволени сите функционални барања дефинирани во делот А.

Понудувачот треба да дефинира и понуди големина на просторот за складирање на податоци, при што складовите на податоци треба да обезбедат заштита на запишаните податоци и проверка на нивниот интегритет со примена на RAID 6 или RAID 10;

Понудувачот е должен да ги понуди сите други хардверски компоненти (покрај наведените), кои се неопходни за функционирање на системот согласно бараните функционалности. Сите дополнителни кабли и адаптери за напојување и поврзување на опремата за целосна функционалност на системот се обврска на понудувачот.

## 2. ИСПОРАКА, ИНСТАЛАЦИЈА, КОНФИГУРАЦИЈА И ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА СИСТЕМОТ

- понудувачот треба да обезбеди комплетно решение кое вклучува хардвер, софтвер, лиценци за сите компоненти за кои е потребно лиценцирање и складови на податоци каде ќе се чуваат логовите, при што ќе се смета за прифатлив секој хардвер, софтвер, лиценци и складови на податоци со кои се обезбедува исполнување на бараните функционалности за дефинираните количини на настани („логови“), брзини на работа и големини на бази на настани.
- опремата што ќе се испорача треба да е нова, претходно некористена, фабрички склопена, а прво отварање на опремата да биде во просториите на МЕПСО АД;

- системот треба целосно да се инсталира, конфигурира и оптимизира за употреба согласно препораките на производителот/производителите;
- по целосната имплементација на системот треба да се изработи графичка шема за приказ на системот и детална техничка документација на целокупниот систем на македонски јазик;
- по целосната имплементација на системот треба да се изработи check листа за рутински контроли на целиот систем (хардверски и софтверски компоненти) за проверка на статусот на системот и неговата исправност;
- испораката, инсталацијата, конфигурацијата и пуштањето на системот во употреба да завршат во рок од 6 месеци после потпишување на договорот.
- лиценците треба да важат на неопределено време.

## 3. ГАРАНЦИЈА

**Три години гаранција, одржување и поддршка на целокупниот систем.**

Гаранцијата на понуденото решение изнесува најмалку **36** месеци почнувајќи од денот на потпишување на записникот за квантитативен и квалитативен прием и опфаќа:

- Хардверска гаранција на сите хардверски компоненти на системот. Гаранцијата подразбира дека во случај на расипување на било која од компонентите на опремата во период од најмалку две години по потпишување на записникот за квантитативен и квалитативен прием, мора да се изврши бесплатна замена на неисправните делови со бесплатна работна рака од страна на добавувачот. Времето на одзив мора да биде најдоцна наредниот работен ден во просториите на МЕПСО АД. Поправката треба да заврши најдоцна за 10 дена, а во спротивно треба да се достави соодветна замена;
- Софтверска поддршка за сите понудени софтверски компоненти на системот. Наведената поддршка треба да се регистрира под корисничко име на МЕПСО АД, со кое МЕПСО АД независно ќе може да превзема нови закрпи и софтверски верзии за сите понудени софтверски компоненти од интернет страницата на производителот/производителите. Добавувачот треба да достави доказ за обезбедена поддршка кај производителите на име на МЕПСО АД за целата софтверска опрема.
- Одржување од понудувачот кое опфаќа и дополнителни 80 работни часа кои ќе се користат за времето додека е активна гаранцијата. Овие часови се потребни за решавање на инциденти поврзани со системот, помош при работа со системот, дополнителни инсталации итн. Времето на одзив мора да биде најдоцна наредниот работен ден.

## 4. ОБУКА

Понудувачот треба да обезбеди официјална обука за најмалку 3 вработени по завршување на испорака, инсталација и конфигурација на комплетното решение, а пред потпишување на записникот за квантитативен и квалитативен прием. Обуката треба да ги обезбеди најмалку следните содржини: администрација и конфигурација на системот, надградби на системот, додавање на нови извори на логови, изработка на правила, нотификации, извештаи, пребарување по логови, додавање на нови политики итн.

## 5. МОДЕЛ СПЕЦИФИКАЦИЈА

| | Тип | Опис (HW модел, SW пакет) | количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Храдвер | | 1 |
| 2 | Софтвер | | 1 |

**Напомена:** Во табелата потребно е да се наведат конкретните модели и верзии на понудените решенија пропратени со каталози (data sheets) од производителот кои ги содржат сите барани елементи од спецификацијата.

Понудувачот треба да достави документ со кој се потврдува дека Понудувачот е овластен (авторизран) од производителот или дистрибутерот на решението да го продава понуденото решение на територија на Република Северна Македонија

Изработил: Катерина Глигорова _______________

Проверил: Александар Нилоловски _______________

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот објавен од страна на Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија – Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје, за набавка на стоки: **Анализа на податоци со log менаџмент,** со спроведување на поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ____________________________________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ____________________________________________________
- Телефон: ____________________________________________________
- Факс: ____________________________________________________
- Е-пошта: ____________________________________________________
- Лице за контакт: ____________________________________________________

I.3. Одговорно лице: ____________________________________________________

I.4. Даночен број: ____________________________________________________

I.5. Матичен број: ____________________________________________________

**Дел II – Техничка понуда**

II.1. Согласни сме да ги понудиме предметните стоки, согласно техничката спецификација од тендерската документација.

II.2. Ги прифаќаме рокот, начинот и местото на испорака на стоките утврдени во тендерската документација.

II.3. Гарантниот рок (гаранцијата) на понуденото решение изнесува ________ месеци од денот на
***(најмалку 36 месеци)***
потпишување на Записникот за квантитативен и квалитативен прием.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1.1. **Вкупната цена на нашата понуда (вкупната вредност од Excel табелата),** вклучувајќи ги сите трошоци, попусти и увозни царини, без вклучен ДДВ,

изнесува _______________________ денари / евра (со бројки),
*(домашниот понудувач цената ја изразува во денари, а странскиот понудувач во евра)*

__________________________________________________________________________ (со букви).

(*странскиот понудувач цената на понудата ја пишува со букви на англиски јазик)*

Вкупниот износ на ДДВ изнесува __________________________ денари.

**Во прилог на овој образец на понуда е:**

- **Детален приказ на единечните цени по позиции и вкупната цена во Excel формат.**

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација и моделот на договор.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

III.4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме одредбите дадени во моделот на договор за јавна набавка.

| Место и датум | Одговорно лице* |
| --- | --- |
| ______________________ | ___________________________ |
| | (потпис) |

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

**Прилог 2 – Детален приказ на единечните цени по позиции и вкупната цена во Excel формат ***

*Деталниот приказ на единечните цени по позиции и вкупната цена во Excel формат се потпишува електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.

**Прилог 3 – Изјава за сериозност на понудата**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот ____________________________________________ [**име и презиме на одговорното лице**]* врз основа на член 101 став 4 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот_______________________________________________________________ изјавувам дека нема да ги преземам дејствијата од став 6 на член 101 од Законот за јавните набавки во постапката која се спроведува по огласот за доделување на договор за јавна набавка број _____/______ за набавка на стоки: **Анализа на податоци со log менаџмент** објавен од страна на Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија – Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје и дека понудата е правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен со последиците од прекршување на оваа изјава, што ќе доведе до издавање на негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава согласно со член 101 став 7 од Законот за јавните набавки.

| Место и датум | Одговорно лице** |
|---|---|
| ________________________ | ____________________________ |
| | (потпис) |

*Изјавата ја дава одговорното лице на понудувачот [***се наведува полното име и презиме на одговорното лице***].

**Изјавата се потпишува електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.

**Прилог 4 – Изјава за докажување на способноста**

**И З Ј А В А**

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека за ____________________________________________________________ *[се наведува назив на економскиот оператор]* не постојат причини за исклучување од постапката, како и дека во целост ги исполнува бараните услови за утврдување на способноста наведени во тендерската документација за поедноставената отворена постапка за набавка на стоки: **Анализа на податоци со log менаџмент** која се спроведува по оглас бр. __________ *[се наведува бројот на огласот]* објавен од страна на Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија – Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје.

Истовремено изјавувам дека ги имам на располагање сите потребни документи за докажување на исполнувањето на бараните услови, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

| Место и датум | Одговорно лице |
| --- | --- |
| ____________________________ | ____________________________ |
| | (потпис) * |

*Изјавата се потпишува електронски со користење на квалификуван сертификат за електронски потпис чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.

**Прилог 5 – МОДЕЛ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА ***

Склучен во Скопје во 2020 година, помеѓу

**Договорни страни:**

1. **Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија – Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна соспственост Скопје**, ул. Максим Горки бр.4 Скопје, застапувано од генералниот директор Kushtrim Ramadani, како набавувач, во понатамошниот текст Договорен орган, од една страна и

2. ___________________________________, ул. ___________________________, застапувано од одговорното лице ____________________________, како добавувач, во понатамошниот текст Носител на набавката, од друга страна.

**Предмет на договорот**

Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на стоки: **Анализа на податоци со log менаџмент** во согласност со тендерската документација, техничките спецификации и понудата на Носителот на набавката по спроведена постапка за јавна набавка на Договорниот орган со број на оглас 00/2020.

**Основ на договорот**

Член 2

Основ на овој договор е спроведена постапка за јавна набавка на Договорниот орган со број на оглас 00/2020.

Понудата на Носителот на набавката, тендерската документација и техничките спецификации по јавната набавка на Договорниот орган број на оглас 00/2020 се составен и интегрален дел на овој договор.

Носителот на набавката е врзан за понудата, тендерската документација и техничките спецификации и истите се во важност за целото времетраење на овој договор.

**Количини и единечни цени**

Член 3

Количините и цените на стоките предмет на овој договор, на паритет ДДП (според ИНКОТЕРМС 2010) во Сектор за ИТ и ТК на ул. Максим Горки бр. 4 Скопје, во денари/евра, се:

| Ред Бр. | Тип | Опис (HW модел, SW пакет) | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Хардвер | | парче | 1 | | | |
| 2 | Софтвер | | парче | 1 | | | |
| | | | | | ВКУПНО: | | |

Единечните цени од став 1 на овој член се фиксни за цело времетраење на овој договор и истите не подлежат на измени до крајот на неговото исполнување.

Во цената се вклучени сите трошоци.

Цените се пресметани со соодветно намалување кое е еднакво на процентот на намалување на цената на првичната понуда (пред електронската аукција) и цената на последната понуда (по завршување на електронската аукција) во висина од ___,___%.

**Вредност на договорот**

Член 4

Вкупната вредност на овој договор изнесува:

- **Вкупно без ДДВ ____________,00 денари**
- **ДДВ 18% ____________,00 денари**

**Вкупно со ДДВ ____________,00 денари**

Со зборови: .................................................................................................................. денари, со вклучен ДДВ.

**Времетраење на договорот**

Член 5

Овој договор се склучува за определен временски период, сметано од денот на неговото потпишување од двете страни, па се до исполнувањето на предметот на договорот, но не подолго од 12 (дванаесет) месеци од денот на неговото склучување.

**Права и обврски на договорните страни**

Член 6

Правата и обврските на договорните страни кои произлегуваат од овој договор стапуваат во сила од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни.

Двете страни се должни да ги извршуваат своите обврски и се одговорни за нивно исполнување.

Носителот на набавката се обврзува стоките – предмет на овој договор да ги испорача и инсталира во се согласно условите и барањата од техничките спецификации по спроведена постапка за јавна набавка на Договорниот орган со број на оглас 00/2020.

Носителот на набавката е должен при извршувањето на обврската да постапува со внимание на добар стопанственик и со внимание на добар стручњак.

Двете страни се должни да се воздржуваат од постапките со кои можат на другата страна да му предизвикаат штета.

**Рок, начин и место на испорака**

Член 7

Носителот на набавката е должен стоката предмет на договорот да ја испорача, инсталира, конфигурира и системот да го пушти во употреба на начин и под услови како што е дефинирано во техничките спецификации.

Носителот на набавката е должен стоката предмет на договорот да ја испорача, инсталира, конфигурира и системот да го пушти во употреба во рок од максимум 6 (шест) месеци од денот на потпишување на договорот од двете договорни страни, со документ (испратница), на паритет ДДП (според ИНКОТЕРМС 2010) во Сектор за ИТ и ТК на ул. Максим Горки бр. 4 Скопје.

Договорниот орган, во присуство на овластено лице на Носителот на набавката, по целосното реализирање на предметот на договорот врши квантитативен и квалитативен прием. За извршениот прием се изготвува Записник за квантитативен и квалитативен прием, кој треба да биде потпишан од овластените лица на двете договорни страни.

Договорниот орган ги задолжува и овластува лицата _____________ и ______________ да ја следат реализацијата на овој договор.

**Начин и рок на плаќање**

Член 8

Начинот на плаќање ќе биде вирмански или со дознака (важи за странски понудувач) по целосно реализирање на предметот на договорот (испорака, инсталиција, конфигурација и системот да го пушти во употреба) во рок 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган придружена со примерок од Испратницата и Записникот за квантитативен и квалитативен прием потпишан од овластените лица на двете договорни страни.

Носителот на набавката фактурата, поткрепена со примерок од испратницата и записникот за квантитативен и квалитативен прием потпишан од овластените лица на двете договорни страни, ја доставува до Договорниот орган на следната адреса: АД МЕПСО, ул. Максим Горки бр.4, 1000 Скопје, Сектор за финансиски работи, Оддел за комерцијални работи, со назначување на бројот и датумот на договорот, како и количини и единечни и вкупни цени, со посебно искажан ДДВ.

Договорниот орган го задржува правото да ја врати фактурата-ситуацијата доколку не е комплетна и да поднесе рекламација на пресметката на фактурата во рок од 8 дена, сметано од денот на приемот на фактурата.

**Квантитативна и квалитативна контрола**

Член 9

Квантитативен прием на стоката од член 1 од овој договор врши Договорниот орган, со документ Испратница потпишана од овластено лице на Носителот на набавката, лицето доставувач и магационерот на Договорниот орган.

Испратницата се изготвува во 3 примероци, по еден примерок за двете договорни страни, а еден примерок Носителот на набавката доставува со фактурата.

Квалитативен прием на стоката се врши со изготвување на Записник за квантитативен и квалитативен прием потпишан од _________ и _________ како овластени лица на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката.

Записникот за квантитативен и квалитативен прием ги содржи особено следниве податоци:

- дали стоката е испорачана во рокот кој е договорен,

- дали квантитетот и квалитетот на испорачаната стока одговара на договорениот квантитет и квалитет, односно, кои стоки ќе треба да се заменат, поправат и во кој рок тоа треба да се стори.

Договорниот орган ги задолжува лицата ________ и ________ при приемот на стоката на вообичаен начин истата да ја прегледаат во присуство на Носителот на набавката и за видливите недостатоци во рок од 8 дена да го известат Носителот на набавката.

Недостаток на стоката постои:

- ако стоката ги нема потребните својства за негова редовна употреба ,
- ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган,
- ако стоката ги нема својствата и одликите што се изрично договорени, односно пропишани, и
- кога Носителот на набавката предал стока која не е соодветена на техничките спецификации.

Доколку по приемот на стоката, Договорниот орган открил некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето на стоката (скриен недостаток), Договорниот орган е должен за тој недостаток да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот, но не подоцна од шест месеци од предавањето на стоката.

Кога поради некој недостаток дошло до испорака на други количини и врсти на стока, замена или слично, рокот од претходниот став почнува да тече од предавањето на новата стока, извршената замена и слично.

Во случај на неисправност или недостаток на стоката, Договорниот орган има право да бара:

- замена на стоката со нова неупотребувана иста таква стока, или
- раскинување на договорот и враќање на платениот износ

Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправноста или недостатоците на стоката која е предмет на овој договор согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

**<u>Гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот</u>**

Член 10

Носителот на набавката е должен веднаш, а најдоцна во рок од 7 дена од денот на потпишувањето на договорот, да му достави на Договорниот орган банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 5% од вкупната вредност на договорот без ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Сите трошоци и провизии при обезбедувањето и проследувањето на банкарската гаранција се на терет на налогодавачот. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата треба да биде неотповиклива, безусловна и платива на прв писмен повик.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот мора да има рок на важност за цело времетраење на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта, преку една од банките на корисникот или лично на лицето за контакт за комерцијалниот дел од точка 1.2.2 од тендерската документација.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што Договорниот орган писмено ќе го извести Носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот Договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот Договорниот орган му ја враќа на Носителот на набавката лично во седиштето на Договорниот орган или по пошта на негово писмено барање.

**<u>Гарантен рок (гаранција)</u>**

Член 11

Носителот на набавка обезбедува гарантен рок (гаранција) на понуденото решение за временски период од ______ месеци сметано од денот на потпишување на Записникот за квантитативен и квалитативен прием и опфаќа:

- Хардверска гаранција на сите хардверски компоненти на системот. Гаранцијата подразбира дека во случај на расипување на било која од компонентите на опремата во период од најмалку две години по потпишување на записникот за квантитативен и квалитативен прием, мора да се изврши бесплатна замена на неисправните делови со бесплатна работна рака од страна на добавувачот. Времето на одзив мора да биде најдоцна наредниот работен ден во просториите на МЕПСО АД. Поправката треба да заврши најдоцна за 10 дена, а во спротивно треба да се достави соодветна замена;
- Софтверска поддршка за сите понудени софтверски компоненти на системот. Наведената поддршка треба да се регистрира под корисничко име на МЕПСО АД, со кое МЕПСО АД независно

ќе може да превзема нови закрпи и софтверски верзии за сите понудени софтверски компоненти од интернет страницата на производителот/производителите. Добавувачот треба да достави доказ за обезбедена поддршка кај производителите на име на МЕПСО АД за целата софтверска опрема.

- Одржување од понудувачот кое опфаќа и дополнителни 80 работни часа кои ќе се користат за времето додека е активна гаранцијата. Овие часови се потребни за решавање на инциденти поврзани со системот, помош при работа со системот, дополнителни инсталации итн. Времето на одзив мора да биде најдоцна наредниот работен ден.

**<u>Виша сила</u>**

Член 12

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Ако една од договорните страни е спречена во исполнувањето на своите обврски заради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**<u>Подизведување и подизведувачи</u>**

Член 13

Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од Договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од договорот кој претходно го отстапи на подизведувачи,

- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот, без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,

- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

Во случај на вклучување нови подизведувачи, Носителот на набавката, заедно со барањето, ги обезбедува податоците и документите од точка 4.4 од тендерската документација.

Договорниот орган нема да го одобри барањето на Носителот на набавка:

- доколку Носителот на набавката во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот кој го менува, а новиот подизведувач не ги исполнува истите услови или постојат причини за исклучување,

- ако Носителот на набавка во постапката за јавна набавка ја користел способноста на подизведувачот за да ја докаже својата способност, а самиот Носител на набавката не ги исполнува тие услови или ако тој дел од договорот е веќе извршен.

Договорниот орган може да го одбие предлогот за замена на подизведувач, односно вклучување нов подизведувач, доколку тоа може да влијае на непреченото изведување или завршување на работите.

За одбивањето на подизведувачот, Договорниот орган го известува Носителот на набавката во рок од десет дена од денот на приемот на барањето.

Директното плаќање на подизведувачот е задолжително за Договорниот орган и за Носителот на набавката доколку подизведувачот побарал директно плаќање согласно со условите од Законот за јавните набавки, при што:

- подизведувачот приложува согласност врз основа на која обврските на Носителот на набавката ќе ги покрие Договорниот орган,

- Носителот на набавката, во прилог на неговата фактура ги приложува фактурите на подизведувачот кои претходно ги одобрил.

Договорниот орган ќе бара од Носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за извршените услуги, во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата од страна на Договорниот орган на Носителот на набавката.

Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавна набавка, без оглед на бројот на подизведувачите.

**<u>Раскинување и санкции за прекршување на договорот</u>**

Член 14

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот без отказен рок.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски бара продолжување на исполнување на обврската или раскинување на договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

Кога Носителот на набавката ќе задоцни со реализацијата на овој договор во определениот рок, Договорниот орган преку овој договор и без дополнително писмено изветување, му определува

дополнителен примерен рок од 60 дена, за исполнување на обврската, за што се определува договорна казна за задоцнување во висина од 0,083% од вкупната вредност на овој договор за секој ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вкупната вредност на овој договор, без ДДВ. Евентуалната договорната казна ќе се наплати со намалување на износот за плаќање по фактурата на Носителот на набавката.

Кога Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска за реализација на овој договор и во дополнително определениот рок согласно ставот 3 од овој член, или нема да исполни било која друга обврска по овој договор, или Договорниот орган го раскине договорот по вина на Носителот на набавката, Договорниот орган ја наплаќа гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Договорниот орган го задржува правото да бара и надомест на штета што би ја претрпел поради тоа, согласно Законот за облигационите односи.

**Решавање на спорови**

Член 15

Двете страни се согласни сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, да ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не е можно, спорот ќе го решава стварно и месно надлежниот суд во Скопје.

**Корупциско или измамничко однесување**

Член 16

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализацијата на овој договор.

**Преодни и завршни одредби**

Член 17

Составен и интегрален дел на овој договор се следните прилози, и тоа:

- Тендерската документација,
- Техничките спецификации и
- Понудата на Носителот на набавката.

Сите права, обврски и одговорности кои произлегуваат за договорните страни, а кои не се наведени во договорот соодветно ќе се применуваат одредбите содржани во прилозите (наведени во став 1 на овој член) кои се составен и интегрален дел на овој договор.

Член 18

За се што не е предвидено со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и другите позитивни законски прописи во Р. Македонија.

Член 19

Измени и дополнувања на договорот може да се вршат со заедничка согласност на двете договорни страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс само во согласност со одредбите на Законот за јавните набавки и тендерската документација.

Член 20

Овој договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци, 4 (четири) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| **ДОГОВОРЕН ОРГАН**<br>**АД МЕПСО**<br>**Генерален директор** | **НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА**<br>______________________<br>**Управител** |
| **------------------------------**<br>**Kushtrim Ramadani** | **-----------------------------**<br>**Ннннннн Нннннннннн** |

**** Моделот на договор за јавна набавка задолжително треба да се достави потпишан електронски заедно со понудата***